СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ, ЈАВНИ НАБАВКИ, ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА
ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ

**ГОДИШЕН КОНКУРС**
за финансирање проекти од програмите за активностите на Општина Велес за 2021 година

Ул. „Панко Брашнар“ бр. 1
1400 Велес, Република Северна Македонија
Тел.: +389 43 232 406
е – пошта: opve@veles.gov.mk

www.veles.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-3990/2
21.10. 2020 год.
ВЕЛЕС

# ОПШТИНА ВЕЛЕС

---

# К Р И Т Е Р И У М И

**за прибирање предлози за креирање на програмите за активностите на Општина Велес за 2021 година**

---

**Општина Велес**
**2020**

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Општина Велес на Конкурсот за финансирање проекти од програмите за активностите на Општина Велес за 2021 година ќе поддржи проекти кои ќе се спроведуваат на локално ниво и кои се во функција на промоција и афирмација на Општина Велес.

## УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА УЧЕСНИКОТ НА КОНКУРСОТ

Граѓанската организација што ќе аплицира за добивање средства од Буџетот на Општина Велес за реализирање на проект/активност – самостојно или во партнерство со други субјекти (граѓански организации, установи, институции, бизнис сектор и сл.) мора да ги исполнува следните критериуми:

- Граѓанската организација да е со седиште на Општина Велес;
- Граѓанската организација да е регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија (во соодветна дејност);
- Граѓанската организација да има сопствена жиро сметка;
- Граѓанската организација да делува најмалку 2 години;
- Граѓанската организација да има доставено финансиски извештај за реализирани проекти/активности до Општина Велес од претходната година (за оние кои претходно учествувале на Конкурсот);
- Граѓанската организација да достави портфолио во кое ќе бидат наведени податоците за најважните проекти реализирани во последните две години (најмногу до две реченици за секој проект);
- Барањето со потребната документација да го приложи во периодот утврден во објавата за прибирање предлози;
- Граѓанската организација треба да има планирана програма со опис на: концептот на проектот, карактерот на прогамата (дали има еднинствена и оригинална концепција, родова сензитивност, дали здружението во последните три години реализирале проекти во соработка со други граѓански организации или органи на државна управа), целта на проектот е јасно дефинирана (кому е наменет – целна група е соодветно определена), предложениот финансиски план за реализација на проектот е реален (описот на трошоци по категории и позиции соодветствува на пазарните цени), очекувани ефекти и можност за одржливост на проектот.

ЗАБЕЛЕШКА: **За да се квалификува пријавата за натамошно разгледување и процена на квалитетот на проектот, треба да бидат исполнети сите наведени услови!**

## ПРИОРИТЕТИ

Општина Велес ќе даде приоритет на проекти кои се спроведуваат на локално ниво и кои се во функција на промоција и афирмација на Општина Велес и во интерес на граѓаните на Општина Велес.

## МЕРИЛА ЗА ПРОЦЕНА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРОЕКТОТ

Процената на квалитетот на пријавените проекти/активности ќе се врши врз основа на прецизни мерила. Пристигнатите предлог – проекти ќе ги рангира комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

| Бр. | Критериуми | Бодови |
|---|---|---|
| **1** | **Капацитет на организацијата** | **15** |
| 1.1 | Релевантно искуство на организацијата во спроведување на слични проекти – Да се достави референтна листа на спроведени проекти | 10 |
| 1.2 | Искуство на клучниот персонал – Да се приложат нивни биографии | 5 |
| **2** | **Квалитет на проектот** | **70** |
| 2.1 | Релевантност на акцијата (усогласеност на предложената акција со приоритетите на повикот, анализа на проблемот и негова актуелност, избор на целна група) | 30 |
| 2.2 | Опис на акцијата (цели, резултати, активности, пристап) - Колку целите и резултатите од активностите се остварливи и мерливи | 20 |
| 2.3 | Ефекти во средината (влијание врз целните групи и корисниците, број на корисници), одржливост на проектните активности | 15 |
| 2.4 | Видливост на проектот (медиумска покриеност) | 5 |
| **3** | **Буџет** | **15** |
| 3.1 | Дали буџетот соодветствува со планираните активности и со пазарните цени (оправданост на трошоците), соодветен соодносот помеѓу буџетските ставки (човечки ресурси–максимум 25%; директни трошоци –максимум 65 % и индиректни трошоци максимум 10% од буџетот) | 15 |
| | **ВКУПНО** | **100** |

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ

Кон пополнетата Пријава, задолжително треба да се приложат и следниве документи/материјали:

- Тековна состојба на граѓанската организација издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци,
- Портфолио на учесникот на Конкурсот (најважните проекти реализирани во последните две години, најмногу до две реченици за секој проект),
- Предлог проект/активност со детален опис (карактер на програмата, учесници во програмата, целта на манифестацијата, очекувани ефекти и сл.),
- Годишен извештај и Завршна сметка на здружението за предходната година.

ЗАБЕЛЕШКА: **Пријавите пристигнати после утврдениот рок, нема да бидат разгледувани!**

Градоначалник
на Општина Велес,
Ацe Коцевски